Врз основа на член 24 точка 10) од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година, Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на 19 март 2020 година, донесе

**Одлука за**

**извршување на работите од надлежност на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во вонредна состојба**

**Член 1**

Со оваа одлука Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија утврдува дека во периодот на траење на вонредната состојба, прогласена согласно Одлуката за утврдување на постоење на вонредна состојба ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.68/20), донесувањето на актите, мислењата, одобренијата и други документи кои произлегуваат од тековното работење, ќе ги врши на седница, организирана и спроведена согласно Деловникот за работа.

**Член 2**

1) Работните состаноци со членовите и со раководителите на организационите единици на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ( во натамошниот текст :Регулаторната комисија за енергетика), ќе се одржуваат или со видео-конференциска врска или со електронска пошта (од службена електронска адреса) или со текстуална порака по мобилен телефон (СМС) (од службен телефонски број), при што претседателот ги утврдува работните задачи на Регулаторната комисија за енергетика за периодот на вонредната состојба и ги определува организационите единици и/или лицата одговорни за нивното извршување, како и роковите во кои треба да се извршат задачите.
2) Вработените на Регулаторната комисија за енергетика се целосно достапни за потребите на граѓаните, при што дел од вработените ќе работат од дома, а дел ќе работат во просториите на Регулаторната комисија за енергетика.
3) Комуникацијата и координацијата помеѓу членовите и вработените во Регулаторната комисија за енергетика ќе се одвива на дневна основа и ќе се преземаат потребните дејствија со цел непречено извршување на работните активности, а во согласност со развојот на состојбите.

**Член 3**

Во текот на важењето на вонредната состојба нема да се организираат јавни расправи и подготвителни седници, а со цел да се обезбеди јавност и транспарентност во работењето на Регулаторната комисија за енергетика, актите, мислењата, одобренијата и други документи кои произлегуваат од нејзиното тековно работење ќе бидат редовно објавувани на веб-страната на Регулаторната комисија за енергетика.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**Бр. 02-828/1**
**19 март 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**